# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
# АЛКАЛАКС-ТАБ®/ALKALAX-TAB®
**5 mg гастрорезистентни таблети**

bisacodyl

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**

- Секогаш земајте го овој лек како што е опишано во упатството или како што Ви кажал Вашиот доктор или фармацевтот. Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот фармацевт ако Ви се потребни дополнителни податоци.
- Ако добиете некое несакано дејство, разговарајте со Вашиот доктор или со фармацевт. Ова важи и за сите можни несакани дејства коишто не се наведени во ова упатство. Видете го делот 4.
- Морате да разговарате со Вашиот доктор ако не се чувствувате подобро или ако се чувствувате полошо по 5 дена.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Алкалакс-таб и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Алкалакс-таб
3. Како да се употребува Алкалакс-таб
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Алкалакс-таб
6. Содржина на пакувањето и други информации

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE SHKUP СКОПЈЕ

## 1. Што претставува Алкалакс-таб и за што се употребува

Таблетите Алкалакс-таб содржат активна супстанција бисакодил. Таа спаѓа во групата лекови познати како лаксативи.
Алкалакс-таб се користи краткотрајно, за олеснување на отежнатото празнење на цревата (запек).
Овој лек не помага во намалувањето на телесната тежина.
Таблетите Алкалакс-таб може да се користат во болница, за празнење на цревата пред породување, пред операција или пред радиолошки иследувања.
Таблетите Алкалакс-таб нежно ги стимулираат мускулите на дебелото црево, што доведува до брзо олеснување на опстипацијата (запекот), помагајќи му на телото да го врати својот вообичаен ритам.
Таблетите Алкалакс-таб се гастрорезистентни таблети кои имаат специјална облога која обезбедува лекот да дејствува само таму каде што треба.

## 2. Што мора да знаете пред да употребите Алкалакс-таб

**Немојте да употребувате Алкалакс-таб ако:**

- сте алергични на бисакодил или на некои други состојки на лекот (наведени во делот 6);
- имате тешка дехидратација;
- имате состојба на цревото наречена заплет на тенкото црево (илеус);
- имате прекин во минувањето на содржината низ цревата (интестинална опструкција);

- имате сериозна абдоминална состојба наречена воспаление на слепото црево (апендицитис);
- имате воспаление на тенкото или на дебелото црево;
- имате сериозна болка во стомакот со гадење и со повраќање.

Не го земајте лекот ако некоја од горенаведените состојби се однесува на Вас. Ако не сте сигурни, посоветувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт пред да го земете лекот.

**Други лекови и Алкалакс-таб**

*Известете го Вашиот доктор или фармацевтот ако употребувате или ако до скоро сте употребувале какви било лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт (тука спаѓаат и хербалните лекови).*

*Бисакодил може да влијае на дејството на другите лекови, но и некои други лекови може да влијаат на дејството на бисакодилот.*

Известете го Вашиот доктор или фармацевтот ако земате некој од следните лекови:
- лекови за исфрлање течности (диуретици), како што се бендрофлуазид и фуросемид;
- стероидни лекови, како што е преднизолон;
- други лаксативни лекови.

**Бременост и доење**

*Побарајте совет од Вашиот доктор или од фармацевт пред да земете каков било лек.*
Пред да земете таблети Алкалакс-таб известете го Вашиот доктор ако сте бремена, ако планирате да забремените или ако доите.

**Возење и ракување со машини**

Некои пациенти може да почувствуваат вртоглавица или несвестица додека го земаат овој лек. Доколку тоа Ви се случи Вам, почекајте овие чувства да исчезнат пред да возите или да ракувате со машини.

**Важни информации за некои состојки на Алкалакс-таб**

Алкалакс-таб содржи лактоза.
Ако Вашиот доктор Ви кажал дека не поднесувате некои шеќери, пред да го употребите овој лек контактирајте со него.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE * SHKUP * СКОПЈЕ

## 3. Како да се употребува Алкалакс-таб

Земајте го лекот како што Ви препорачал Вашиот доктор или како што е наведено во ова упатство. Ако не сте сигурни како треба да го земате лекот, советувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт.
**Како и секој лаксатив, таблетите Алкалакс-таб не треба да се земаат секој ден, подолго од пет дена. Ако имате потреба од земање лаксативи секој ден или ако имате болки во стомакот кои не поминуваат, треба да одите кај Вашиот доктор.**

**Земање на лекот**

- Проголтајте ги таблетите цели, со чаша вода.
- Млеко, антациди или инхибитори на протонската пумпа (лекови што ја неутрализираат киселоста во желудникот) не треба да се внесуваат еден час пред да земете бисакодил (го намалуваат неговото дејство).

**Колку Алкалакс-таб да земете**

**Возрасни и деца над 10-годишна возраст**
- Земете една или две таблети (5 или 10 mg) навечер, пред спиење.
- Ако првпат го земате лекот, земете една таблета, а ако имате потреба земете уште една таблета.
- Кога ќе се воспостави нормалниот ритам на празнење на цревата, престанете со земањето на лекот.

**Деца на возраст од 4 до 10 години**
Алкалакс-таб се дава кај деца само по препорака од доктор. Вообичаена доза за деца е:
- една таблета (5 mg) навечер, пред спиење.

**Деца под 4-годишна возраст**
Алкалакс-таб не се препорачува за деца под 4-годишна возраст.

**Ако сте зеле поголема доза Алкалакс-таб отколку што треба**
Ако сте зеле повеќе Алкалакс-таб отколку што треба или ако некој друг по грешка ги испил таблетите Алкалакс-таб, разговарајте со Вашиот доктор или веднаш одете во болница. Земете го со Вас и пакувањето од лекот.

## 4. Можни несакани дејства

*Како и сите лекови и Алкалакс-таб може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*
**Престанете да го земате лекот и веднаш обратете се кај Вашиот доктор ако забележите/почувствувате:**
- тешка алергиска реакција којашто може да предизвика оток на лицето или на грлото и тешкотии при дишењето или вртоглавица.

**Чести несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 10 пациенти):**
- грчеви и болка во стомакот;
- гадење;
- пролив.

**Не многу чести несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 100 пациенти):**
- крв во изметот;
- повраќање;
- непријатност во стомакот;
- непријатност при празнење на цревата;
- вртоглавица.

**Ретки несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 1 000 пациенти):**
- колитис (воспаление на дебелото црево коешто предизвикува абдоминална болка и пролив), вклучувајќи и исхемички колитис;
- дехидратација;
- алергиска реакција којашто може да предизвика кожен исип;
- несвестица.

Ако некој несакан ефект станува сериозен или ако забележите несакан ефект којшто не е наведен во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевтот.

**Пријавување несакани дејства**
Несаканите реакции од лековите можете да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. „Св. Кирил и Методиј", бр. 54, кат 1) или електронски преку веб-страницата на Агенцијата – http://malmed.gov.mk/.

## 5. Како да се чува Алкалакс-таб

Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!
Лекот не бара посебни услови за чување.
Блистерите со таблетите треба да се чуваат во оригиналното пакување.
Не го употребувајте лекот по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода, ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите коишто повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. Содржина на пакувањето и други информации

**Што содржи Алкалакс-таб**
- Активна супстанција: бисакодил.
Една таблета содржи 5 mg бисакодил.
- Помошни супстанции:
Таблетно јадро: лактоза, монохидрична; микрокристална целулоза; кросповидон; магнезиум стеарат.
Филм-обвивка: еудражит; триетил цитрат; глицеролмоностеарат; полисорбат; жолт железо оксид (Е 172); емулзија симетикон; безбоен опадрај (содржи: хипромелоза, трацетин и талк).

**Изглед на лекот Алкалакс-таб и содржина на пакувањето**
Тркалезни, биконвексни, филм-обложени таблети со жолта боја.
Таблетите се спакувани во блистер (PVC/PVDC /Al),секој блистер содржи 10 таблети.
Кутија содржи 20 таблети (2 блистера) и упатство за корисникот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само во аптека и без рецепт (БР).

**Број и датум на решението за промет**

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски 12
1 000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Април, 2020 г.